**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ШЕЕСЕТ И ПРВАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 26.06.2025 година

**СКОПЈЕ, ЈУНИ 2025 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Шеесет и првата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 26.06.2025 година**

Седницата започна во 11:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **м-р Сашо Кукески**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Шеесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Шеесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **22 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **м-р Сашо Кукески**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата и дополнително на 25.06.2025 година и 26.06.2025 година, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за општествени дејности, бр.09-6976/2 од 26.06.2025 година и извештајот на комисијата за финансии и буџет, бр.09-6977/2 од 26.06.2025 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**5.** Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијатива за имплементација на обука за самозаштита, во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Гази Баба;

**6.** Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје; и

**7.** Предлог - Програма за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "5"** беше усвоен со **21 глас "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "6"** беше усвоен со **23 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "7"** беше усвоен со **23 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "5", "6" и "7" се составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **22 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
2. Предлог - Одлука за примање на донација од Градежен институт "Македонија" АД Скопје;
3. Предлог - Одлука за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец;
4. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година;
5. Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијатива за имплементација на обука за самозаштита, во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Гази Баба;
6. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје; и
7. Предлог - Програма за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **18 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од Градежен**

**институт "Македонија" АД Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со измените во текстот)** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од Градежен институт "Македонија" АД Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прифаќање и утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец, со **20 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, со **20 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијатива за имплементација на обука за самозаштита, во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на иницијатива за имплементација на обука за самозаштита, во годишните програми за работа на образовните институции на територијата на Општина Гази Баба, со **20 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, со **19 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година, со **19 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - м-р Сашо Кукески ја заклучи Шеесет и првата седница на советот на Општина Гази Баба, во **11:30** часот.

**Број 09-7273/2**
**од 7 јули 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот